РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1759/2

18-05-2022 г./v.

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на чл. 22 ст. 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), чл. 40 ст. 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 67-та седница одржана на 13.05.2022 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата со број 12-1759/1 од 04.05.2021 година, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, предметот нема елементи за надлежно постапување согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 12-1759 од 2021 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Предметот со број 12-1759/1 од 04.05.2021 година е оформен врз основа на поднесена пријава од ///. Во пријавата се изнесени сомнежи за незаконско спроведување јавни набавки во Општина ///, затоа што во најголем дел од договорите за јавни набавки што ги објавила општината нема прилог референтна листа со цени. Од ДКСК се бара да изврши надзор над сите јавни набавки спроведени од Општина ///. Во прилог на пријавата доставена е листа на склучени договори за јавни набавки со Општина ///, со изразени вредности.

Со увидот во содржината на пријавата и доставениот прилог, ДКСК не утврди конкретни наводи за незаконско постапување од аспект на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси. По однос на законската усогласеност во спроведувањето на јавните набавки, надлежен орган кој може да ја испита истата во Општина /// е Државниот завод за ревизија. Врз основа на наведеното ДКСК одлучи како во диспозитивот.

Доставено до:
- Подносителот на пријавата

Изработил: м-р Д. Д.
Одобрил: м-р В. Г.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Нури Бајрами**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk